Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава за корупција, Државната комисија за спречување на корупцијата на 49-та седница, продолжение одржано на ден 08.06.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 4205 од 2019 година, оформен по пријава број 12 – 4205//1 од 06.09.2019 година доставена од непознат подносител , **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-4205 од 2019 година, во предметниот случај не се потврдени предметните наводи.

Предметот со број 12-4205 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 4205 од 2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава со бр. 12 - 4205/1 од 06.09.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител - граѓани на Општина --------.

Во доставената пријава се изнесени наводи за незаконитости во постапка за доделување на концесија за ископ на песок во Општина -------- во 2019 година и за сомневања за корупција и злоупотреба на службена положба на четири физички лица кои го овозможиле доделувањето на предметната концесија, а со цел остварување на имотна корист. Пријавата е поднесена против лицата: -------- ----------, Градоначалник на општина --------; ------- ---------, раководител на Македонски пошти подружница --------, ------- ---------, од с. --------- -------- и ------- --------од -------, поранешен градоначалник на ------ а сега вработен во петта управа при МВР.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барања до Министерството за економија и Општина -------- за информации и податоци во врска со предметниот случај.

По барањата на Државната комисија доставени се известувања со бараните информации со прилог документација и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

- Во конкретниот случај станува збор за наводи за незаконитости во доделување на концесија за ископ на песок во Општина -------- во 2019 година, која се однесувала за ископ на песок сметано од мостот

на река Брегалница ------------------------------------------------------------------------ и која била доделена на фирма во сопственост на едно од наведените лица ( ------- --------- ) во нетранспарентна постапка.

Подносителите на пријавата се сомневаат дека предметната концесија била доделена во договор на четирите погоре наведени физички лица со умисла на нелегален начин да дојдат до имотна корист, а кои лица помогнале оваа концесија да биде доделена на фирма која не ги исполнувала условите за ископ на песок.

-При извршени проверки, ДКСК дојде до сознанија дека Барање за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал се поднесува до Министерството за економија на РСМ – Сектор за минерални суровини, Одлука за доделување на концесијата донесува Владата на РСМ, а во име на Владата на Република Северна Македонија, Договорот за концесија го потпишува министерот за економија ( врз основа ------ од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19) .

-На ден 09.11.2020 година, по барање на ДКСК добиена е информација од Општина -------- која известува дека оваа Општина не е надлежна за доделување на концесија за ископ на песок и до сега немале дадено никаква концесија на никого. Постапките за давање на концесија ги спроведува и за нив одлучувало Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање или АД Водостопанство на РСМ, а Општината давала свое мислење ( позитивно или негативно) кое е само еден дел од постапката за доделување на концесија. Општината немала увид во тоа чија сопственост било правното лице кое е барател за доделување на концесија, а до општина -------- немало доставено договор за концесија склучен во 2019 година.

- На ден 18.11.2020 година, по барање на ДКСК доставено е известување од Министерството за економија со кое се известува дека на територијата на општина --------, согласно член 43 од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189 /16 и 7 /19), односно по барање на сопственикот на земјиштето на која е доделена концесијата, биле доделени следните концесии за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал:

1) Концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот "--------- -------", општина --------, доделена со Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, трговија, транспорт и услуги ------------- ДООЕЛ увоз-извоз --------- на локалитетот "---------- --------", општина -------- бр.------------- од 08.06.2015 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.96/15), врз основа на кој бил склучен Договор за концесија со бр.--------------- од <u>04.09.2015 година</u>, со времетраење од 10 години, од страна на Министерот за економија и овластено лице управител -------- ------- и

2) Концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот "--------", општина --------, доделена со Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги ---------- ------- ДООЕЛ увоз-извоз -------- на локалитетот "-------------", општина ---------- бр.------------ од 22.06.2020 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.169 /20), врз основа на кој бил склучен Договор за концесија со бр.--

----------- од 02.09.2020 година, со времетраење од 10 години, од страна на Министерот за економија и овластено лице -управител -------- ----------.

По однос на прашањето на ДКСК дали некоја од доделените концесии на Општина -------- се однесувале за ископ на песок сметано од мостот на река ------------------------------------------------------------ --------------------------------, Министерството известува дека Концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот "----------", општина --------, доделена со Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги ------------- --------- ДООЕЛ увоз - извоз -------- на локалитетот "----------", општина -------- - бр.---------- од 22.06.2020 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.169 /20), врз основа на кој бил склучен Договор за концесија со бр.----------- од 02.09.2020 година, со времетраење од 10 години, се наоѓала во близина на наведената локација.

Истовремено, Министерството за економија информира дека експлоатацијата на песок и чакал од речни корита се вршела согласно Законот за води кој е во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање, како и дека лицето -------- ---------- од -------- не се јавувал како сопственик или управител во горенаведените друштва.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај не се потврдени предметните наводи, за незаконитости во доделување на концесија за ископ на песок во Општина -------- во 2019 година која била доделена во нетранспарентна постапка на фирма во сопственост на лицето -------- ---------- , односно дека концесии за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитети на територијата на наведената Општина биле доделени на други правни лица во 2015 година и 2020 година, со Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал, објавена во Службен весник на РСМ, донесена од Владата согласно одредбите на Законот за минерални суровини, по барање на сопственикот на земјиштето на која била доделена концесијата и за истите согласно одлуката бил склучен договор од страна на Министерот за економија и овластено лице –управител на правното лице. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : Г.Т.,член на ДКСК